***Автор:*** *Ана Јаневска Делева и Цветанка Михајловска*
***Дата:*** *март 2016 г.*
***ISBN:*** *978-608-4681-53-3*
***PDF*:** tesnite-vrski-pomegju-parite-i-politikata.pdf



Врската помеѓу парите и политиката е неизбежна, очекувана, повторлива, универзална и сосема веројатно нераскинлива. Сето ова е разбирливо имајќи предвид дека политичките партии имаат потреба од пари за да развијат програми, да учествуваат во политички натпревар, да победат на избори и да практикуваат власт. Меѓутоа оваа меѓузависност носи сериозни ризици да прерaресне во опасна врска токму кога партијата ја има власта. Противуслугите во форма на посебен третман се вид на корупција што најчесто ги разјадува демократиите низ светот.

Политичките партии се столбови на современите демократии. Тие се клучни за генерирањето активни политички актери и создавање политики кои преку избори и легитимно владеење прераснуваат во политички решенија. Оттука, како креатори на политичкиот живот во едно општество, политичките партии потенцијално се носители не само на моќ, туку и на одговорност за негување на демократските принципи. Токму и затоа начинот и контролата на нивното финансирање е важно за создавање и одржување стабилен и легитимен политички систем.